Во согласност со Закон за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02), Закон за градење („Сл.весник на РМ“ бр. 130/09, 124/010, 18/011, 36/011, 54/011, 13/012,144/012, 25/013, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14,149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24 и 255/24), Закон за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), Правилникот за формата и содржината на одобрението за поставување на времен објект и урбана опрема и начинот на неговото издавање („Сл.весник на РМ“ бр.123/2008), и Упатство за начинот на изготвување на годишната програма за поставување на времени објекти и микролокациски услови и формата и содржината на одобрението за поставување на времени објекти и одобрението за поставување на урбана опрема (Сл.весник на РМ бр.36/2010) донесено од Министерството за транспорт и врски, изработена е:

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА НА ПРОГРАМАТА**
**за поставување на урбана опрема на**
**подрачјето на општина Гевгелија**

**ЧЛЕН 1**

Во Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Гевгелија донесена со Одлука бр.09-1605/1 од 26.12.2024 година и објавена во Службен Гласник на Општина Гевгелија бр.26 од 31.12.2024 година во точка 2 - **Видови на урбана опрема** делот **Самостоечки рекламни паноа** се менува и гласи:

**Самостоечки рекламни паноа**

Самостоечките рекламни паноасе поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18 и “Службен весник на РСМ“ бр.98/19 и 302/20), Одлука за утврдување на висината на надоместокот за поставување на инсталации, објекти и опрема во патниот, заштитниот појас и трупот на општинските патишта и улици во општина Гевгелија,„Сл гласник на општина Гевгелија бр.07-1614/1 од 11.05.2010 година и платен надоместок закомунална такса согласно Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во општина Гевгелија, („Сл.гласник на општина Гевгелија“ бр.07-1452/1 од 18.06.2009 година.

**Самостоечки рекламни паноа – билборди** на подрачјето на општина Гевгелија може да се постават на следниве локации:

1. Од Б1 до Б24 на улица Булевар “Гевгелија”;
- Б1 на раскрсница помеѓу улица ,,Деко Ковачев,, и Булевар ,,Гевгелија,,

- Б2, Б3, Б4, Б5, Б6, Б7 и Б8 во близина кружен тек на раскрсница помеѓу улица ,,7-ми Ноември,, и Булевар ,,Гевгелија,, од десна страна
- Б9, Б10 и Б11 на Булевар ,,Гевгелија,, во близина на ООУ ,,Владо Кантарџиев,,
- Б12 и Б13 непосредно пред натпатникот за излез од градот
- Б14 и Б15 од десна страна на натпатникот при влез во градот пред мостот
- Б16 и Б17 од лева страна на натпатникот при влез во градот пред мостот
- Б18 и Б19 во близина на бензинска пупма ,,Окта,, на влез во градот
- Б20, Б21, Б22, Б23 и Б24 од двете страни на улицата при влез/излез во градот во близина на фабрика ,,Пајдаков,,.

**2. Од Б25 до Б27 на улица "7-ми Ноември";**

- Б25 на улица ,,7-ми Ноември,, во близина на гаражи на ЈПКД ,,Комуналец,,
- Б26 и Б27 на улица ,,7-ми Ноември,, во близина на Народен Театар Гевгелија

**3. Од Б28 до Б31 - Центар**

- Б28 и Б29 во зеленило пред Основен Суд Гевгелија
- Б30 на плоштадот во близина на градската фонтана и Силк Роад Банка
- Б31 пред градската библиотека ,,Гоце Делчев,,

**4. Од Б32 до Б34 на улица "Филип Втори Македонски";**

- Б32, Б33 и Б34 на потегот од бензинска пумпа ,,Окта,, кон Мотел ,,Вардар,, во близина на бензинската пумпа

**5. Од Б35 до Б40 на автопат "Пријателство" кон Граничен премин "Богородица".**

Услови за поставување на самостоечките рекламни паноа – билборди се следните:

- Минималната висина за слободен простор под самостоечката рекламна табла изнесува 2,4м. сметано од кота на терен.
- Максимална големина на рекламната табла да изнесува 15,оо $m^2$.

**ЧЛЕН 2**

Во точка 3 - **Начин и услови за поставување и одржување на урбана опрема**, во потточка III - **За поставување на детски игралишта, јавни санитарни јазли, дополнителни монтажно-демонтажни паркинг простори, рекламни паноа, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско-конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти** се дополнува:

За добивање одобрение за поставување на билборди потребно е да се достави:

1. Извод од Програма, со микролокациски услови и Геодетски елаборат за утврдување на точната местоположба на рекламното пано – билборд.

2.Основен проект изработен врз основа на микролокациски услови од Програмата,за светлечки рекламни паноа основниот проект треба да содржи и фаза Електрика.

Составен дел на оваа програма е графички приказ на микролокациите за поставување на Самостоечки рекламни паноа – билборди.

**ЧЛЕН 3**

**Надзор над примената на оваа Програма врши овластениот градежен инспектор на Општина Гевгелија.**

**ЧЛЕН 4**

Оваа измена стапува во сила на денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-422/1
14.03.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов**